# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

29 Ноември 2019 година, Гевгелија | Број 14 | Година XXXIX

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06, 8/10 и 18/14 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија", општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проект за изработка на техничка документација за **„Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија"**, општина Гевгелија, како потпроект од проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти".

**Член 2**

Со оваа Одлука ќе се изработи основен и инфраструктурен проект за **„Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија"**, во износ до 1.667.886 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1982/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на управување и користење на изведена градба на објект - „Изградба на нови училници – Надградба на западно крило на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија" на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба на објект – Надградба на западно крило на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, од општина Гевгелија на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија, како образовна институција.

Вкупната вредност на објектот „Изградба на нови училници – Надградба на западно крило на СОУ "Јосиф Јосифовски-Гевгелија", изнесува 40.296.360 денари.

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија, се предава и основниот проект за „Надградба на западно крило на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија" со технички бр.074/012, изработен од ДГПНТ "ГОЈА" - Гевгелија.

**Член 3**

За примопредавањето на изведената градба на објектот „Надградба на западно крило на СОУ Јосиф Јосифовски Гевгелија" Гевгелија, ќе се формира Комисија од претставници од СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1983/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Закон за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 141 и 142 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр. 104/19 и 146/19) и член 38 став (1) точка 38 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година донесе:

## ОДЛУКА
## За формирање општински Совет за социјална заштита

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира општински Совет за социјална заштита на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Целта на општински Совет за социјална заштита е изработка на социјален план за подрачјето на општината.

**Член 3**

Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите на постоечките социјални услуги и потреби за развој на социјални услуги во општината.

**Член 4**

Градоначалникот, врз основа на социјалниот план, изготвува годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на општината.

**Член 5**

За членови на општински Совет за социјална заштита на Општина Гевгелија се именуваат лицата:

1. Љубица Карајанова, претставник на општинската администрација;
2. Руска Митрова, претставник на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија;
3. Љупка Пејчиќ, претставник на Здружение на глуви и наглуви Гевгелија;
4. Даниела Гошева-Кангова, претставник на Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“ Гевгелија,
5. Лазо Трајков, претставник на Здружение на слепи лица Гевгелија;
6. Сузана Димитриева, претставник на Организација на жени општина Гевгелија;
7. Зорица Бошњак, претставник од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија;
8. Тања Ѓореска, заменик командир на ПС ОН Гевгелија;
9. Василка Садикова-Ковачева, Основен јавен обвинител на ОЈО Гевгелија;
10. Ирена Никова, претставник на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;
11. Анита Божинова, претставник на ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија;
12. Митра Попова, претставник на ООУ „Крсте Мисирков“ Гевгелија;
13. Васка Ефтимова, претставник на ООУ „Климент Охридски“ Миравци;
14. Македонка Узунова, претставник на ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци;
15. Виолета Праматарова-Христова, претставник на ЗГ „Поддршка“ Гевгелија.

**Член 6**

Мандатот на членовите на општинскиот Совет за социјална заштита е четири години.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-1984/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на членовите 34-38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

1. Од функцијата членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, **се разрешуваат**:

- **Билјана Тодова**, внатрешен член од редот на вработените, поради заминување во пензија, и
- **Весна Ристова**, внатрешен член од редот на вработените, поради извршување на функцијата в.д. директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија.

2.Примерок од Решението да се достави до разрешените членови и до ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.09-1985/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на членовите 34-38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија**

1. За нови членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија"-Гевгелија **се именуваат**:
-**Ѓургица Петкова,** внатрешен член од редот на вработените, и
-**Силвестер Проле**, внатрешен член од редот на вработените.

2.Примерок од Решението да се достави до новоименуваните членови и до ЈОУ Дом на култура "Македонија-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.09-1986/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14 год.), а во согласност со член 176 став (1) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишниот одбор**
**на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија**

1.**Се разрешува:**
**-Василка Камчева од Гевгелија**, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија, именувана од Советот на општина Гевгелија со Решение бр.09-2103/1 од 15.11.2017 година.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Владо Кантарџиев" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1987/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 одСтатутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), а во согласност со член 176 став (1) од Законот за основното образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**Заразрешувањечлен на Училишниотодбор**
**на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија**

1.**Се разрешува:**
**-Силвана Несторова од Гевгелија**, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, именувана од Советот на општина Гевгелија со Решение бр.09-228/1 од 29.01.2019 година.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Крсте Мисирков" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општинаГевгелија".

Бр.09-1988/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), а во согласност со член 176 став (1) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишниот одбор**
**на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци**

1.**Се разрешува:**
**-Никола Миовски од Негорци**, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, именуван од Советот на општина Гевгелија со Решение бр.09-2107/1 од 15.11.2019 година.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Ристо Шуклев" – Негорци.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1989/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), а во согласност со член 176 став (1) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишниот одбор**
**на ООУ "Климент Охридски"-Миравци**

1.**Се разрешува:**
**-Стојна Аевска од Миравци**, од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ "Климент Охридски"-Миравци, именувана од Советот на општина Гевгелија со Решение бр.09-2109/1 од 15.11.2017 година.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООУ "Климент Охридски" – Миравци.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1990/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14год.), а во согласност со член 176 став (1)од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување член на Училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија**

1.Се разрешува:
**-Петра Попова од Гевгелија**, од функцијата член на Училишниот одбор на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија, именувана од Советот на општина Гевгелија со Решение бр.09-2111/1 од 15.11.2017 година.
2. Да се достави по еден примерок од ова Решение до разрешениот член и до ООМУ "Васо Карајанов" – Гевгелија.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1991/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 год.) а во врска со член 84 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр. 161/2019 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**
Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2020 година, предложен од директорот на основното општинско училиште под бр.01-290/1 од 16.07.2019 година.

**Член 2**
Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1992/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019 година, расправајќи по барањето на месната заедница "Трајко Алчинов" од с.Конско за превземање на водоводот во с. Конско од страна на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК

1.Се овластува ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија да формира соодветна комисија составена од стручни лица, како во делот на правната така и во делот на техничката материја, да направи увид на лице место и притоа да изготви извештај за тоа каква е состојбата и тој извештај да го достави до основачот, односно Општина Гевгелија, и потоа да се превземат соодветни мерки околу превземање на овој водовод и давање на стопанисување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1993/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.10.2019 година, расправајќи по барањето на месната заедница од с.Ново Конско за донесување правен акт со кој ќе се се обезбеди регуларно управување со водоводот во с.Ново Конско од страна на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, го донесе следниов

## ЗАКЛУЧОК

1. Се овластува ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија да формира соодветна комисија составена од стручни лица, како во делот на правната така и во делот на техничката материја, да направи увид на лице место и притоа да изготви извештај за тоа каква е состојбата и тој извештај да го достави до основачот, односно Општина Гевгелија, и потоа да се превземат соодветни мерки околу превземање на овој водовод и давање на стопанисување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија

2.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1994/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2019г. – 30.09.2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија**

1. **Не се дава согласност** на Финансискиот извештај за периодот од 01.01.2019 год. – 30.09.2019 год. на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, со посебен осврт на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.07.2019г. – 30.09.2019 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1766/2 од 18.11.2019 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1995/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.11.2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година и 2020 година

### Член 1
Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2019 година и за 2020 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1790/2 од 21.11.2019 година.

### Член 2
Вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.11.2019 година до 31.12.2020 година изнесува 45,00 денари.

### Член 3
Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1996/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019 година, расправајќи по Информацијата од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи од Гевгелија за состојбата со архитектонските бариери за лицата со посебни потреби, го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**

1.Се овластува Меѓуопштинскиот центар за социјални работи од Гевгелија да излезе на терен и да направи увид во сите јавни општински установи и да достави Информација до општина Гевгелија каде нема обезбедено слободен пристап на лицата со посебни потреби до општинските установи.

2.Се задолжува Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи од Гевгелија, да утврди дали пристапните рампи се изградени во согласност со стандардните правилници и соодветните прописи како би можеле лицата во инвалидски колички самостојно да ги користат.

3.Овој Заклучок влегува во сила на осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1997/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019г., донесе

**О Д Л У К А**
**За кофинансирање на проектот за „Изградба на атмосферска канализација во дел од улица „Индустриска" и дел од новопланирана сервисна улица бр.„5"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува кофинансирање на проектот за „Изградба на атмосферска канализација во дел од улица „Индустриска" и дел од новопланирана сервисна улица бр. „5", општина Гевгелија

Одлуката за кофинансирање претставува дополнување на износот од 1.735.016 денари, Грант обезбеден од проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP).

**Член 2**

Дополнителното кофинансирање на овој Проект изнесува 1.293.230 денари.

Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Гевгелија.

Средствата за кофинансирање ќе бидат префрлени на посебна наменска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1998/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14), а во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.11.2019г., донесе

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот за „Изградба на водоводна мрежа на сервисни улици „Галилео Галилеј", „Апостол Петков" и „Павел Шатев" во Гевгелија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува кофинансирање на проектот „Изградба на водоводна мрежа на сервисни улици „Галилео Галилеј", „Апостол Петков" и „Павел Шатев" во Гевгелија"

Одлуката за кофинансирање претставува дополнување на износот од 4.173.571 денар, Грант обезбеден преку Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP).

**Член 2**

Дополнителното кофинансирање на овој Проект изнесува 327.605 денари.

Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Гевгелија.

Средствата за кофинансирање ќе бидат префрлени на посебна наменска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1999/1
28.11.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за приоитет на проект за изработка на техничка документација за "Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија" општина Гевгелија ...................... 817
2.Одлука за давање на управување и користење на изведена градба на објект - "Изградба на нови училници - Надградба на западно крило на СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија ..................... 817
3.Одлука за формирње Општински совет за социјална заштита ....................... 818
4.Решение за разрешување членови на УО на ЈОУ Дом на култура "Македонија " Гевгелија ..................... 819
5.Решение за именување членови на УО на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија ..................... 820
6.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија ..................... 821
7.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија ..................... 821
8.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Ристо Шуклев" Негорци .... 822

9.Решение за разрешување член на УО на ООУ "Климент Охридски" Миравци .......... 822
10.Решение за разрешување член на УО на ООМУ "Васо Карајанов" Гевгелија .......... 823
11.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев" за 2020 година .......... 823
12.Заклучок за формирање комисија за составување извештај за превземање на водовод во с.Конско .......... 824
13.Заклучок за формирање комисија за составување извештај за превземање на водовод во с.. Ново Конско .......... 824
14.Решение за давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.-30.09.2019 год. на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .......... 824
15.Решение за давање согласност на Одлукатз за утврдување на врдноста на бодот за прсмтување на платите на вработенит во ЈПКД "Комуналец" за 2019 и 2020 година .......... 825
16.Заклучок по Информацијата од МЦСР за состојбта со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби .......... 826
17.Одлука за кофинансирање на проектот за "Изградба на атмосферска канализација во дел од ул."Индустриска" и дел од новопланирана сервисна улица бр."5" .......... 826
18.Одлука за кофинансирање на проектот за "Изградба на водоводна мрежа на сервисни улици "Галилео Галилеј", "Апостол Петков" и "Павел Шатев" во Гевгелија .......... 827

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**